Александар Шмеман

СМИСЛАТА НА ПРАЗНИЦИТЕ

Превод

Жаклина Атанасова

ПРАЗНИКОТ КАКО ОТКРИВАЊЕ НА СМИСЛАТА НА ВРЕМЕТО

Црковната година, од дамнина почнувала во септември[1]. Иако во наше време веќе никој и не го знае тоа, ниту пак некој се сеќава на тоа, мислиме дека е добро, на почетокот на есента да размислиме за нашиот однос кон времето, или, поточно, за она поимање на времето коешто во себе го содржи поимот - Црковна година.

Антирелигиозната, т.е. антихристијанската пропаганда потроши огромна енергија во својата борба против христијанските празници. Таа се обиде на сите начини да ги разобличи и да ги дискредитира како наводна измислица и лага, која, налик на древните и првобитни митови, во денешно време нема никаква смисла. Меѓутоа, самиот факт дека таа пропаганда објави толку многу книги и брошури посветени на борбата против христијанските празници, како и огромната енергија вложена во таа борба, јасно сведочи дека христијанските празници се целосно живи и дека е многу тешко да бидат искоренети и истребени од човековиот живот. Колку и да се обидува безбожничката пропаганда да ги разобличи христијанството и евангелското кажување за раѓањето Христово, и колку и да ја нарекува божиќната елка - новогодишна, христијаните и понатаму го слават Божиќ и ја китат елката, ставајќи на врвот ѕвездичка во знак на сеќавање на ѕвездата што светела над витлеемската пештера. Безбожничката пропаганда, и покрај сите свои напори, не успеа да ги сведе божиќната украсна ѕвезда, елката, запалените свеќи и радоста на детските гласчиња кон својот дијалектички материјализам и научно-атеистичкиот поглед на светот.

На сите веќе им е познат фактот дека безбожничката пропаганда во таа свечена пролетна ноќ, кога христијаните го слават Воскресението Христово - празник над празниците и слава над славите, ангажира групи вревации за со нивната ви-

котница и хулење да ја попречуваат Велигденската служба во црквите и да ги заглушат зборовите од кои нема поубави на земјава: Сега сѐ е исполнето со светлина, и небото, и земјата и сѐ што ја исполнува, и нека сиот свет, и видлив и невидлив, го празнува Воскресението Христово... Но, и покрај нивната сотирачка богохулна врева, Пасхата и понатаму продолжува да сјае и да зрачи со радост како и пред илјада години.

Секако, вреди да се замислиме над смислата на христијанските празници, односно црковната година која со векови го осмислува и го осветува целиот живот на милиони луѓе. Исто така, многу е попаметно, луѓето, наместо да пишуваат банални брошури во кои тврдат дека црковните празници со векови владеат над човечките животи како груба лага, да се потрудат да го сфатат тоа восхитувачко и органско ткаење на христијанските празници, ткаење кое на секое годишно време му ја дава неговата карактеристична боја и особина.

Светлината на Рождеството Христово, светлата тага на великите Пости од кои таинствено и незабележливо израснува радоста на Пасха (Велигден), со лето и сонце преисполнетите празници Вознесение и Духовден (Св. Троица), августовската предесенска длабочина на Преображение и Успение. Измислица? Залажување? Мит? Да допуштиме за момент и таква можност. Но, зошто тогаш да не ја допуштиме можноста да се види дали тие празници, можеби, сепак откриваат еден подлабок пристап кон животот? Зашто едно е сосема јасно: човек не може да живее без празниците и нивното празнување.

Социолозите, дури и оние кои не биле религиозни, како што е на пример Диркем, одамна веќе научно и објективно докажаа дека празнувањето на празниците припаѓа кон онаа најдлабока и првобитна основа на човечката култура и живот. Од историјата не е позната ниту една човечка заедница ниту цивилизација која не празнувала празници.

Празникот продолжува да живее дури и во милитантното антихристијанско и безбожничко општество, зашто и тоа општество почнува да создава свој круг на безбожнички празници, како што се ден на трудот, ден на жената, празник на ова или она. Празничниот обред, или ритуал, продолжува

да живее и во такво општество, во вид на улични манифестации, паради, фрлање на цвеќе, песни, музика, веселби, неработни денови и свечени ручеци. Затоа, повторувам, погрешно е да се прават обиди празниците да се „разобличат“ и „дискредитираат“ како „религиозна измислица и залажување“.

Напротив, неопходно е повторно да се замислиме над самиот факт на постоење и функција на празникот и празнување во човечкиот живот, над значењето коешто празникот и празнувањето го имаат за човекот. Човекот може да празнува што било, меѓутоа, во него продолжува да живее таа постојана потреба за празник. Од каде, тогаш, таа потреба за празник, што изразува, на што одговара и на што во човечката природа укажува таа?

Како што веќе кажав, од првобитната заедница, па до денес, нема човечка заедница без празник и празнување. Но, што знаеме за првите празници? Знаеме две основни работи. Најпрво, и тоа е сосема очигледно, празникот настанува од оној, за човекот неизбежен, ритам на работа и одмор. Човек мора да работи за да живее, но тој не може да работи без одмор. Затоа, со време, во човечкиот живот почнува да се дефинира ритам на работа и одмор од работата, при што тој одмор или можноста да не работи тој сè повеќе почнува да го чувствува како радост.

Тоа е прв, и сам по себе, очигледен корен на празникот, оној основен и помалку важен фактор во востановувањето на празникот како таков. Другиот, поважен фактор, е тоа што и самата работа, па оттука и целиот човечки живот, преку празникот почнува да ја добива својата смисла. И токму во таа, апсолутно неуништлива човечка потреба не само да се одмора од работа туку и да му се радува на тој одмор, преку него да ја наоѓа смислата на својот живот, треба да се бара вистинскиот извор на празникот и неговата неуништлвост во животот на човечката заедница.

Животните, исто така, живеат во ритам на работа и одмор, и ним, исто така, физиолошки им е потребен одморот, но за нив тој останува само физиолошка појава, не прераснува во празнична радост. И од своја гледна точка, антихристијанската пропаганда заснована на материјалистичкиот поглед

на светот со „право“ и доследно на својот став ги отфрлаат христијанските празници, но без никакво право и сосема недоследно ги заменуваат со своите безбожнички празници. Бидејќи сфаќањето на човекот кое е својствено на материјалистичкиот поглед на светот знае и го признава исклучиво тој животински и физиолошки ритам на работа и одмор, одмор како подготовка на организмот за новата работа, и во тоа сфаќање нема место за ниту еден друг ритам на работа и одмор, освен тој и таков. Секојдневно се потребни одреден број на саати за спиење, секоја недела е потребен еден такаНаречен „неработен“ ден, секоја година се потребни одреден број недели за одмор. Но, сето ова е потребно само од практични причини: да се врати силата на човечкиот организам и да се обнови неговиот „производен потенцијал“.

Меѓутоа, дури ни одморот на првобитниот човек не бил само одмор од работа. И тој умеел да празнува. Тоа значи дека ни за него деновите на напор и труд не се сменувале едноставно со сон и одмор, тој почнал да ги открива моментите на одмор како радосна можност за согледување на резултатите од својата работа, за осмислување на таа работа и радување поради плодот на својата работа. Преку празникот и празнувањето, работата за човекот престанува да биде само товар, борба за опстанок, безрадосен низ на денови и ноќи. Преку празникот, работата почнува да добива смисла, затоа што човекот можел да ги согледа своите резултати, работата на некој начин почнува да се продуховува и да станува почовечна. И колку и да се пееле химни за работата, таа за човекот секогаш останува напор, труд и замор. Но, човекот прифаќа и успева да го совлада и напорот и уморот не само тогаш кога тој напор и умор за свој плод имаат материјален успех, туку кога стануваат начин на кој човекот ја остварува својата слобода, доживува радост и полнота на животот. А токму тоа е и празникот по својата првобитна суштина: ослободување на човекот од животот како нужност, животот како неизбежен закон.

Тоа е причината заради која човекот има потреба не само за одмор туку и за празник. Затоа човекот во празникот и празнувањето го вложува своето севкупно сфаќање на

животот и така ја изразува смислата и целта на својот живот. И затоа преку празникот, поточно, преку човекот во празникот, преку човекот кој го празнува празникот, најлесно е да се поима смислата на оваа или онаа вера, на овој или оној поглед на светот. Затоа може да се каже: „Кажи ми што празнуваш, јас ќе ти кажам кој си...“

СМИСЛАТА НА ПРАЗНИКОТ ВО ХРИСТИЈАНСТВОТО

Што празнуваат христијаните? Зашто, ако е вистина дека човекот најдобро и најјасно се изразува себеси токму преку празнувањата на празниците, преку празничната радост, ако е вистина дека верата е пред сè радување за Бога и со тоа – празник, тогаш и Христијанството е многу полесно да се разбере преку неговата радост и празнување, отколку преку апстрактните догматски и богословски дефиниции.

Христијанството од самиот свој почеток ја овоплотувало и изразувало својата вера, своето разбирање на светот и чувствување на животот преку ткаењето на своите празници кои со себе буквално ја прегрнуваат целата година. Може без никакво преувеличување да се каже дека христијаните живеат од празник до празник, како и дека тие празници во духовна смисла го обојуваат секое време, односно текот на годишните времиња – есен, зима, пролет и лето.

Неретко се слушаат приговори за негативната страна на христијанските празници, т.е. дека тие се проследени со пијанки, неработа и слично на тоа. Но, суштината на секоја појава мораме да ја проценуваме не по нејзиното искривување туку според нејзината вистинска смисла и значење. Поради тоа за христијанските празници секогаш треба да се говори од перспектива на нивниот изворен смисол: што се навистина христијанските празници и како би требало да се празнуваат. Дури тогаш, во светлото на нивната позитивна смисла, можеме вистински да ги критикуваме секогаш можните искривувања и отстапки од правилното празнување на христијанските празници.

Нема подобар вовед во темата - христијански празници, од разгледувањето на празникот кој Православната Црква отсекогаш го смета за „празник над празниците“ и кој отсекогаш претставува посебна и неспоредлива радост за сите

христијани. Тој Празник е Пасха или Воскресение. Христијаните тој празник го имаат прифатено од старите Евреи кај кои претставувал главно религиско случување преку целата година. И пак се покажува дека ништо толку добро не ја открива христијанската смисла на празникот Пасха како неговата врска, како позитивна, така и негативна, со неговиот староеврејски праобраз (праслика). Од Евангелието знаеме дека Христос пострада токму во деновите на староеврејската Пасха и тоа поклопување, од евангелска гледна точка, не е воопшто случајна. Во што е смислата на тоа поклопување? Што празнувале старите Евреи и зошто апостол Павле го нарекол Христа – наша Пасха: „Зашто нашата Пасха, Христос - пишува тој - беше распнат за нас“.

Одговарајќи на овие прашања постепено навлегуваме во едно целосно сфаќање на светот, кое, колку и да се чини архаично за современиот човек со сета негова технологија, со неговиот користољубив пристап кон сè и површното сфаќање на животот, всушност, одговара на она што е вечно, неуништливо, најважно и најдлабоко во човечката душа. Од таа гледна точка суштински е важно да се разбере токму тој постепен развој, растење и образување на сите слоеви од различна смисла во празнувањето на Пасхата.

Првата фаза е вкоренета уште за време на номадскиот живот на старите Евреи, во време кога тие сè уште не ја обработувале земјата туку само одгледувале стока. Пасха во тој период се јавува како радост поради раѓање на нови животни. Оттука е најстариот обред кој е врзан за Пасхата – обред на принесување жртва јагне во знак на благодарност кон Бога. Така настанал првобитниот обред на еврејската Пасха – обред жртвопринесување на пасхално јагне.

Наредна фаза е освојување на Ханаанската земја, после што старите Евреи почнале да ја обработуваат земјата. Пасхата тогаш почнува да добива нов смисол. Таа станува празник со кој се прославува пролетното обновување на природата, празник со космички триумф на животот. Но сето тоа сè уште е сврзано исклучиво за природата и животот на човекот во неа и со неа.

Потоа се јавува и почнува да израснува и трета, сега веќе историска димензија на Пасха. После природата доаѓа историјата, зашто човекот не живее само во природно време туку и во историско, во историски процес кој му дава смисла на минатото, сегашноста и иднината и кој му дава смисла на животот не само на поединечниот човек туку и на животот на сите луѓе, на животот на човештвото.

Неколку столетија пред Христа празникот Пасха за Евреите станува празник со кој секоја година го прославуваат своето излегување од Египет, своето четириесетгодишно талкање по пустината, ослободување од ропство и, конечно, своето влегување во Ветената Земја.

Но, сите тие случувања во проповедта и учењето на старозаветните пророци постепено го прераснуваат своето првобитно и ограничено значење здобивајќи се со универзален карактер. Празникот Пасха, на тој начин, стана празник од човечката историја, празник на радоста во таа историја и нејзино движење од ропство кон слобода, од жалост кон радост, од горчлива глад и талкање по пустината кон цветање и плодови на Ветената Земја.

Така и природата, и историјата и, конечно, надежта за доаѓање на Царството Божјо, Царството на мирот и љубовта, слободата и среќата, постепено се соединиле во празникот Пасха, кој, на тој начин, стана символ на самиот човечки живот во неговиот стремеж кон добар и радосен крај. Триумфот на пролетта предобразува конечен триумф на космосот, додека сеќавањето на некогашното ослободување од ропството прераснува во очекување на крајна и полна слобода, а и едното и другото, заедно, му ја откриваат и прејавуваат на човекот конечната смисла на сè што постои.

Сето тоа била, иако само по идеја, по својата замисла, Пасха во времето Христово. Така станува јасно зошто Пасхата се нашла во самата средина на евангелските случувања, зашто сè она во што веруваме кога ќе кажеме дека веруваме во Христа е поврзано токму со пасхалните денови и има свој клуч токму во Пасхата.

Христос го проповедаше Царството Божјо, токму она Царство кое пред тоа го навестуваше, на кое укажуваше и

укажува убавината на светот и природата. Убавината на природата, убавината на нејзината пролет е символ и ветување на таа крајна и конечна Убавина. Христос го проповедаше Царството Божјо за кое човекот копнее и кон коешто се стреми во историјата. Конечно, Христос го проповедаше она Царство во кое ќе биде победен стравот од смртта и ужасот на смртта, стравот и ужасот на разделување и распаѓање. Христос говореше дека во Него, во Неговиот живот, а особено во Неговата жртвена смрт на крстот ќе се изврши тој излез, премин, што на еврејски јазик значи Пасха, кој го очекува целиот свет, излез од робувањето на времето и смртта во слобода на живот и љубов. Затоа и Христос е наречен Пасха, затоа што Неговата крсна смрт, која се случила во деновите на еврејската Пасха, претставувала конечно исполнување на тој празник, зашто Неговата крсна смрт го преисполнила тој празник со конечна, и сега веќе, универзална смисла и, конечно, зашто Неговото Воскресение станува средиште на христијанската вера и радост.

ПРАЗНИКОТ - ПОЧЕТОК НА НОВОТО ВРЕМЕ

Христос, како што вели Евангелието, воскресна во првиот ден од неделата. По тогашното сметање на времето, последен ден и круна на седмицата била саботата како седми ден. Тој истовремено бил и ден за одмор и ден за свечено и радосно прославување на Бога во Неговата твар, зашто Бог, според првата книга – Битие, во седмиот ден го завршува создавањето на светот. „И си отпочина Бог во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде“, кажува Библијата. Седмиот ден, како и самиот број седум, во старата религиска симболика на броеви го имаат значењето на полнота, завршеност и совршенство. Бројот седум, а овде треба да си спомнеме дека за стариот свет броевите имаат длабоко религиско и симболичко значење, претставувал символ на светот како космос, односно, свет за кој Бог откако го создаде, рече дека е „многу добар“. Затоа и времето во тој свет почнало да се смета со помош на бројот седум, па така и седмицата е поделена на седум дена.

Во нашето секојдневно и нерадосно поимање на светот и времето, сите тие символи денес изгледаат како детски и наивни измислици. Овде, секако, не станува збор за тоа дека повторно треба да почнеме да веруваме во тие символи туку за тоа дека треба да се потрудиме одново да го допреме она чувство за светот кое е изразено со тие символи. Затоа што ние и понатаму продолжуваме да живееме во „седмичното“ време и сите напори, потполно рационални, и би се рекло, сосема правилни, тоа седмично одбројување на времето да се замени со некое друго се покажале како крајно безуспешни. Не значи ли тоа дека во древното и архаично поимање и сметање на времето постои смисол кој денес ние не го разбираме, и тоа само затоа што во нашата рационалистичка гордост одбиваме да признаеме дека тоа древно, симболичко разбирање на светот има голема сериозност и длабочина? А

тоа поимање на светот во својот наједноставен облик се сведува на две исконски и неуништливи димензии, или аспекти, на човековото запазување и доживување на времето. Од една страна времето со својата „цикличност“, со своето вечно кружење и вечно враќање се појавува како целосна претстава и слика за светот, за неговото совршенство и полнота. Животот е сместен во времето каде што потполно и совршено го наоѓа својот израз: пролет, лето, есен, зима или утро, пладне, вечер, ноќ, сите тие се етапи на самиот живот кои се неопходни за негово остварување. Тоа е тој позитивен, или зборувајќи религиски, космички смисол на она време кое древниот човек симболички го изразуваше со бројот седум. Но, од друга страна, времето воедно е и оној најочигледен и неоспорен доказ за ропство и смрт на човекот и сè во светот. Од времето не може да се избега: тоа, рамномерно отчукувајќи ги своите часови, носи сè што постои кон неизбежна смрт. Тоа го изговори Владимир Соловјов, соединувајќи ги, во својата позната мисла, поимањето на времето и смртта: „Смртта и времето царуваат на земјата“. Таму кај што е времето секогаш е присутна смртта. Времето е насекаде и затоа смртта проголтува сè што е во него. Времето е слика на животот, времето е и слика на смртта и пат кон смртта. Сето тоа се наоѓа во тоа древно поимање на светот кој своето разбирање за времето симболички го изразува во бројот седум. Светот во неговата совршеност и светот во неговата ограниченост и смртност. Радоста на животот, и во таа радост, постојано нараснувачка жалост на смртта.

Современите безбожнички идеолози, наводно разнишувајќи ги старите верувања и презирајќи ги од висината на своите лажно-научни достигнувања, мислат дека го нашле одговорот на најдлабокото човечко прашање: која е смислата на таа наизменична смена на животната радост и ужасот на смртта, зошто воопшто радост ако после неа неизбежно следи разделба, распаѓање, исчезнување и смрт? Вистина е дека тие, всушност, не даваат никаков одговор на тоа прашање и дека среќата што ја ветиле исто така завршува со смртта.

Така пасхалната радост која во самата мугра на христијанството го победи светот била, пред сè и над сè, одговор на

таа праисконска човечка тага преку која ја доживува двојствеността на животот и како радост и како умирање. Дури сега можеме да го дешифрираме тој, на прв поглед, второстепен, но за раните христијани многу важен детаљ од Евангелието: „Христос воскресна во првиот ден од неделата“, т.е. во денот кој следува по саботата и кој многу подоцна, во времето на цар Константин во 4 век, го заменува како официјален ден на одмор – сабота, т.е. ден седми. Всушност, тој ден - ден први, стана ден на Воскресението. Дури ни комунистичките безбожници не можеа да го отстранат тој збор од рускиот јазик. Така неделата како ден на Воскресението стана прв ден на новото време, новиот живот кој блесна од Христовиот Гроб и над кој, според зборовите на апостолите, смртта веќе нема власт.

Мора да се почувствува и разбере дека христијанството започнува ново поимање на времето, чувство во кое времето престанува да биде поврзано со смртта. „Смрт, каде ти е осилото? Пеколу, каде ти е победата?“ – извикнува апостол Павле. Тоа е самата срж и суштинско огниште на христијанската вера: смртта е победена, смртта престана да биде безнадежен крај – во светот почна време на Воскресение, настапи нов ден, прв ден на новите твари, ден кој ја надминува ограниченоста на времето, кој во времето внесува радост на вечноста и вечен живот. Тоа е и основа на христијанската Пасха.